Архивски знак:
Shenja arkivore: ____________
Рок на чување:
Afati i ruajtjes: ____________
______20____година Потпис
viti Nënshkrimi ____________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ

Бр. УП1 03-2227/2025

27.01 2026 год.

Скопје

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за информации од јавен карактер заведено со архивски бр. УП1 03-2227 од 25.11.2025 година во Министерство за култура и туризам од страна на Зоран Бојаровски– барател на информација од јавен карактер со адреса на ул. Наум Наумовски Борче бр. 88А 1/1, 1000 Скопје со телефон: 076 454 727 и е-маил: info@racin.mk, министерот за култура и туризам го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

**за одобрување на барање за пристап до информации од јавен карактер**

1. СЕ ОДОБРУВА барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено преку електронска пошта од барателот на информацијата.
2. Од доставеното барање за пристап до информации од јавен карактер се утврди дека давањето на бараната информација не претставува повреда на обврската ѕза чување на случбена тајна и дека објавувањето на бараната информација во електронски запис/ електронски медиум нема да предизвика повреда на заштитениот интерес.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од Барателот на информацијата, врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 101/2019), се бараат следните информации:

- Број на службени патувања на министерот за култура и туризам;
- Во кои земји и на кои настани биле организирани тие патувања;
- Колку дена траело секое патување;
- За кои од нив трошоците биле на товар на министерството, односно на владините служби, а за кои од нив трошоците биле покриени од домаќините на настаните, ако имало такви.

Информациите за овие службени патувања да го опфатат периодот од почетокот на извршувањето на должноста на министерот, заклучно со 31 октомври 2025 година.

Постапувајќи по Барањето, Министерството за култура и туризам, во согласност со член 107 став (1) од Законот за општата управна постапка, како и врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, како имател на информацијата, во прилог доставува Табела на службени патувања на министерот за култура и туризам од сметководствената евиденција.

Барањето е целосно уважено, бидејќи се однесува на информации што се наоѓаат во рамките на надлежноста на Министерството и не содржат елементи на доверливост или ограничен пристап согласно закон. Решението се донесува во рокот предвиден со член 21 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**ПРАВНА ПОУКА:** Согласно членот 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“ Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/2019) против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок под 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Министерството за култура и туризам на __.__.2025 година, под УП1 03-2228

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ - MINISTRIA E KULTURËS DHE E TURIZMIT
Скопје-Shkup

**М И Н И С Т Е Р**
**Зоран Љутков**

Службено лице за посредување
со информации од јавен карактер
Сибела Алимовска

| Реден број | Повод на патување | Земја | Датум и година на патувањето | Траење на патувањето во денови | Кој ги покрива трошоците |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Присуство на фестивал Македонско културно лето | Албанија | 01.07-02.07.2024 | 1 ден | Министерство за култура и туризам |
| 2 | Престава Набуко на НОБ | Бугарија | 12.09-14.09.2024 | 2 дена | Министерство за култура и туризам |
| 3 | Отварање на изложба мостови на уметноста Вевчани Белград | Белград | 21.10-22.10.2024 | 1 ден | Министерство за култура и туризам |
| 4 | Средба помеѓу градоначалникот на Нова Горица и присуство на НУ Танец | Словенија и Хрватска | 19.09-25.09.2024 | 6 дена | Министерство за култура и туризам |
| 5 | Работна посета и присуство на НОБ | Виена | 06.10-10.10.2024 | 3 дена | Министерство за култура и туризам |
| 6 | Совет на министри за Југоисточна Европа | Херцег Нови | 05.12-07.12.2024 | 2,5 дена | Министерство за култура и туризам |
| 7 | Учество на првиот министерски состанок за климатска акција на Туризмот и во Белград Меѓународен саем на вино, храна и туризам | Баку и Белград | Баку 18.11-21.11.2024 и Белград од 21.11-24.11.2024 | 5 дена | Министерство за култура и туризам |
| 8 | Официјална посета на Градскиот совет на Ливерпул | Ливерпул | 03.10-06.10.2024 | 3,5 дена | Министерство за култура и туризам |
| 9 | Учество на министерски состанок на Министрите за култура за Западен Балкан | Нова Горица | 07.02-10.02-2025 | 3 дена | Министерство за култура и туризам |
| 10 | Манифестација Недела на македонската култура | Тирана | 23.04-24.04.2025 | 1 ден | Министерство за култура и туризам |
| 11 | Присуство на седница на Владите на РСМ и Унгарија | Будимпешта | 03.03-05.03.2025 | 1,5 дена | Министерство за култура и туризам |
| 12 | Отварање на Македонскиот павиљон - Биенале | Венеција | 08.05-11.05.2025 | 3 дена | Министерство за култура и туризам |
| 13 | Самит на Министри за Култура на Западен Балкан | Котор Црна Гора | 27.05-28.05.2025 | 2 дена | Министерство за култура и туризам |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 14 | Манифестација - Македонија во чест на Св. Кирил и Методиј | Рим | 22.05-26.05.2025 | 5 дена | Министерство за култура и туризам |
| 15 | Учество на првиот Министерски форум за туризам | Рим | 17.07-19.07.2025 | 3 дена | Министерство за култура и туризам |
| 16 | Учество на Светската конференција на УНЕСКО | Барселона | 28.09-01.10.2025 | 3 дена | Министерство за култура и туризам |
| 17 | Експо Осака 2025 | Осака и Токио | 25.04-04.05.2025 | 10 дена | Министерство за култура и туризам |
| 18 | Службена посета на Македонскиот културен центар | Њујорк | 20.06-29.06.2025 | 9,5 дена | Министерство за култура и туризам |
| | | | | | |